# ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ НА КОРИСНИЦИТЕ НА ПОДАТОЦИ

**Значење на употребените изрази:**

**Македонско кредитно биро АД Скопје** е акционерско друштво, кое врши собирање и обработување на податоци за обврските на субјектите, со цел да обезбеди извештаи за задолженоста и редовноста во исполнувањето на обврските од страна на Субјектот на податоците.

**Субјект на податоци** е секое домашно или странско, физичко или правно лице на кое се однесуваат обработените податоци.

**Давател на податоци** е секое лице кое доставува податоци за обврските на физички и правни лица до Македонско кредитно биро.

**Корисник на податоци** е лице кое ги користи извештаите од Македонско кредитно биро.

**Извештај** е документ во писмена или електронска форма, изготвен од страна на Македонско кредитно биро, врз основа на собраните податоци за обврските на Субјектите на податоци.

**Досие** се сите податоци за поединечен Субјект на податоци што се евидентирани и задржани од страна на Македонско кредитно биро, без оглед на формата во која се чуваат податоците.

**Општи информации:**

- За потребите на Корисниците, Македонско кредитно биро изготвува извештаи за задолженоста и редовноста во исполнувањето на обврските на Субјектите на податоци.
- Користењето на податоци е регулирано со Оперативните правила за начинот и постапката на користење податоци од Македонско кредитно биро.
- Со Кориснште на податоци, кои истовремено се и Даватели на податоци, Македонско кредитно биро склучува Договор за регулирање на меѓусебните права и обврски..
- Корисници на податоци од Македонско кредитно биро можат да бидат:
  - Банки, филијали на странски банки и филијали на банки од земји членки на Европската унија;
  - штедилници;
  - осигурителни друштва;
  - друштва за финансиски лизинг;
  - други даватели на кредити;
  - друштва за работа со платежни картички;
  - даватели на услуги од областа на комуналните дејности, енергетиката, телекомуникациите,
  - други правни лица кои даваат услуги по основ на кои настануваат обврски за правните и физичките лица, и
  - физички лица кои не се сметаат за трговци согласно Закон за трговски друштва.

  Овие Корисници на податоци користат т.н. Кориснички извештаи.
- Корисници на податоци се и Субјектите на податоци чии права се подетално објаснети во делот **Информации за правата на Субјектите на податоци.**

## КОРИСНИЧКИ ИЗВЕШТАЈ

- За потребите на Корисниците на податоци, Македонско кредитно биро изготвува седум вида на Кориснички извештај и тоа:
  - Минимален извештај,
  - Извештај за пристигнати неплатени обврски,
  - Основен извештај,
  - Детален извештај за обврска,
  - Збирен извештај,
  - Мониторинг извештај,
  - Стандард извештај.
- Извештајот содржи исклучиво податоци што се однесуваат на субјектот на податоци. Податоците за други лица кои на било кој начин се поврзани со Субјектот на податоци, вклучувајќи ги и податоците за жирантите, кокредитобарателите и солидарните должници, не смее да бидат содржани во извештајот. Тој, исто така, не содржи податоци за идентитетот на Давателите на податоци до Македонско кредитно биро, ниту за обврските на Субјектот на податоци кон одделните Даватели на податоци.
- Македонско кредитно биро може да подготви и да достави Извештај до Корисник на податоци исклучиво врз основа на претходна согласност дадена од страна на Субјектот на податоци, ако е физичко лице.
- Писмена согласност од субјектот на податоци, ако е физичко лице, не е потребна доколку Македонско кредитно биро постапува по писмено барање на суд.
- Корисниците на податоци се должни примените извештаи да ги користат само за целите за кои е дадена согласноста.
- Субјектот на податоците може и да ја повлече дадената согласност кај истиот Корисник на податоци кај кого е дадена согласноста за изработка на извештајот.
- Субјектот може да ја оспори точноста и целосноста на податоците во Извештајот кај Корисникот на податоци. Во тој случај Корисникот ја проследува рекламацијата во Македонско кредитно биро.

- За искористените услуги, Корисниците на податоци плаќаат надоместок согласно Тарифата за надоместоци за извршени услуги на Македонско кредитно биро.
- Податоците и извештаите за поединечните лица кои се стекнати при вршење на кои било активности на Македонско кредитно биро, претставуваат деловна тајна која Македонско кредитно биро и Корисниците на податоци се должни да ја заштитат и чуваат.
- Сите лица кои имаат пристап до податоците и извештаите се обврзани да ги чуваат и да ги користат исклучиво за целите за кои се добиени и не смеат да ги откријат на трети лица.
- Обврската за чување на тајноста на податоците не се однесува во следниве случаи:
  - ако со закон е пропишано објавување или доставување на податоците и информациите,
  - лицето дало писмена согласност за откривање на податоците и
  - по писмено барање на суд.

## ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИТЕ

- Македонско кредитно биро ги доставува Извештаите до Корисниците во електронска форма, заштитени на начин така што да не бидат читливи при преносот.
- При обработката, чувањето и преносот на добиените податоци, Македонско кредитно биро и Корисниците на податоци се должни да обезбедат заштита на податоците и да воспостават соодветни административни, технички и организациски мерки кои ќе овозможат расположливост, интегритет и доверливост на податоците.
- Мерките на заштита на податоците задолжително се уредуваат во Договорот, кој Македонско кредитно биро го склучува со своите Членки.